Врз основа на член 56 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113 /2005) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 24.03.2006 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО ГИ НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

(1) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува од друштво за управување со пензиски фондови надомест за:

1) дозвола за основање на друштво за управување со пензиски фондови во висина од 600.000 денари;

2) одобрение за управување со пензиски фонд во висина од 300.000 денари;

3) организирање на испити и давање дозволи на агенти во висина од 900 денари, по лице;

4) организирање на испити и давање на дозволи на агенти за лице кое повторно полага испит поради претходно бришење од Регистерот на агенти во висина од 3000 денари, по лице;

5) запишување во регистерот на агенти во висина од 300 денари;

6) вршење на услуги:

а) објавување на делот од ревидирани извештаи на друштво на "Web" страницата на Агенцијата во висина од 15000 денари на годишна основа;

б) корекција на договор за членство - 50 денари;

в) внес на договор за членство во информациониот систем на Агенцијата - 50 денари;

г) поништување регистрирација на член во Регистарот на членовите - 50 денари;

д) годишна обнова на упис во регистарот на агенти во висина од 200 денари, по агент; и

ѓ) присуство на семинари и обуки за едукација за капитално финансирано пензиско осигурување во висина определен во зависност од реалните трошоци на семинарот или обуката.

7) други надоместоци:

а) барање, молба, предлог, пријава други поднесоци - 50 денари;

б) поднесување жалба на решение - 200 денари;

в) спроведување на постапка за давање согласност на договорот склучен меѓу друштвото за управување со пензиски фондови и посредник за тргување со хартии од вредност во висина од 12,000 денари;

г) спроведување на постапка за давање согласност на промена на статутот на друштвото за управување со пензиски фондови или на пензискиот фонд во висина од 45.000 денари, освен во случај на промена на сопственичката структура;

д) спроведување на постапка за давање согласност на промена на сопственичката структура на друштвото за управување со пензиски фондови од 100,000 денари;

ѓ) извршена контрола во друштво за управување со пензиски фондови, во висина од 10.000,00 денари, доколку при конторолата се утврдат одредени посуштински неправилности од поголем обем;

е) пристап кон информациониот систем на Агенцијата еднократно во висина од 100,000 денари;

(2) Покрај надоместоците предвидени во став (1) од овој член Агенцијата ги наплатува од друштвата сите фактички трошоци што ги имала при извршувањето на работите со трети лица.

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и надоместоци за организирање на испити и давање дозволи на агенти и нивно запишување во регистерот на агенти бр. 02-310 од 15.11.2004 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-618/9
21 јуни 2006 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
д-р **Ана Павловска Данева**, с.р.